# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА
## РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

29.05.2011 година

Во периодот помеѓу 26-28 Април 2011 година, **Институтот за Политички Истражувања од Скопје (ИПИС)** спроведе телефонска анкета **на 1111 испитаници** со цел да се измерат ставовите на граѓаните за нивната поддршка на политичките партии како финална анкета од серијата предизборни анкети кои беа спроведувани и објавени изминатите три месеци. Истражувањето на јавно мислење беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија**. Во анкетата се мереше рејтингот на политичките партии во пресрет на вонредните парламентарни избори**. Граѓаните одговараа на прашањето **За кого ќе гласате на изборите на 5 Јуни?** Резултатите се прикажани во табелата и графиконот подолу.

**РЕЈТИНГ НА НИВО НА ДРЖАВА (% ОД ВКУПЕН БРОЈ ИЗБИРАЧИ)**

| За која партија би гласале на изборите на 5 Јуни? | | |
|---|---|---|
| | Ниедна | **32.9** |
| | не знам/нема одговор | **10.6** |
| | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | **22.6** |
| | Коалиција СДСМ | **15.4** |
| | ДУИ | **6.4** |
| | ДПА | **3.6** |
| | НДП | **2** |
| | ВМРО-Народна | **1.7** |
| | ЛДП | **1.5** |
| | Обединети за Македонија | **1.5** |
| | НД | **1.4** |
| | Друга | **0.4** |
| | Вкупно | **100** |




**ПРОЕКТИРАНА ИЗЛЕЗНОСТ**

Со оглед дека во компаративните анализи со претходните истражувања на институтот за политички истражувања од Скопје се забележува тренд на намалување на бројот на неопределени за сметка на оние граѓани кои одлучиле дека ќе апстинираат од изборите, што е пред се последица од негативната кампања, но делумно можеби се должи и на недостатокот од квалитетна политичка понуда, институтот претпоставува дека овој тренд ќе се задржи и до самиот ден на изборите и според тоа **излезноста ќе се движи во рамките на 56,5% со маргинална грешка од +/-3%.** Со оглед на негативната тенденција кај неопределените, сметаме дека е **поверојатно излезноста на денот на изборите да биде во интервалот меѓу 53,5%-56,5%**

**РЕЈТИНГ НА НИВО НА ДРЖАВА (% ОД ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗБИРАЧИ)**

Врз база на претпоставената излезност, институтот ги проектираше и рејтинзите на политичките партии земајќи ги во предвид само определените гласачи од нашата анкета, во согласност со методологијата на ДИК.

| **За која партија би гласале на изборите на 5 Јуни?**(само од определени испитаници на проектирана излезност од 56,5%) | |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | **40.0%** |
| Коалиција СДСМ | **27.3%** |
| ДУИ | **11.3%** |
| ДПА | **6.4%** |
| НДП | **3.5%** |
| ВМРО-Народна | **3.0%** |
| ЛДП | **2.7%** |
| Обединети за Македонија | **2.7%** |
| НД | **2.4%** |
| Друга | **0.7%** |
| Вкупно | **100%** |

**БРОЈ НА ГЛАСАЧИ ПО ПАРТИИ**

Врз основа на проекциите за излезност на вонредните парламентарни избори на 5 Јуни 2011 како и резултатите од прашањето за рејтингот на политичките партии, ИПИС направи проекција на вкупниот број гласачи кои може да ги добијат политичките партии во зависност од излезноста. **Претпоставениот број на гласачи е според добиените резултати од анкетата и тој исто така може да варира од +/-3%.** Во табелата е прикажан бројот на гласачи доколку излезноста е 53% и 56%.

| **За која партија би гласале на изборите на 5 Јуни?**(процена на освоени гласови за партии над 0,5% на проектирана излезност меѓу 53%-56%) | | |
|---|---|---|
| **партија** | **Излезност 53%** | **Излезност 56%** |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 382000 | 405000 |
| Коалиција СДСМ | 260000 | 275000 |
| ДУИ | 107000 | 115000 |
| ДПА | 61000 | 65000 |
| НДП | 33000 | 35000 |
| ВМРО-Народна | 28000 | 30000 |
| ЛДП | 25500 | 27000 |
| Обединети за Македонија | 25500 | 27000 |
| НД | 23000 | 24000 |

**РАСПОРЕД НА ПРАТЕНИЧКИ МЕСТА СПОРЕД ДОНТОВ МОДЕЛ**

Преку крос-табели на резултатите во сите шест изборни единици, ИПИС направи проекција за можниот распоред на пратеничките мандати во идниот парламент. Овие бројки со оглед дека се добиени врз база на добиените резултати од итражувањето, исто така се подложни на статистичка грешка од +/-3% и затоа бројот на пратенички места е подложен на извесни варијации. **Ова е особено значајно за бројот на пратенички места кој ќе го освојат помалите партии со оглед дека нивниот рејтинг процентуално е повеќе подложен на можни отстапувања.** Во проекцијата на пратенички мандати, освен бројот на освоени гласови, голема важност има и нивниот распоред по изборни единици и затоа бројот на мандати може да варира во зависност од концентрацијата на гласови во една изборна единица.

| **Број на пратеници според Донтов модел** | |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | **52** |
| Коалиција СДСМ | **34** |
| ДУИ | **14** |
| ДПА | **8** |
| НДП | **4** |
| ВМРО-Народна | **2** |
| ЛДП | **2** |
| Обединети за Македонија | **2** |
| НД | **2** |
| Вкупно | **120** |

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. **Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % .** Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски

Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)

ул. „Багдадска“ 15/11, Скопје

тел. +389 2 3078 319